РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-846/1

23-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот – правно лице ------- ------- ----------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 46-та седница, продолжение одржано на ден 19.02.2021 година донесе

## Одлука

Постапката по предметот број 12-2834 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2834/1 од 23.05.2019 година, доставена од подносителот – правно лице ------- ------- ----------„ преку Адвокат -------- ---------- од ---------., **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2834 од 2019 година..

Предметот со број 12-2834 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2834 од 2019 година е оформен по пријава/известување бр. 12-2834/1 од 23.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот – правно лице ------- ------- ----------, преку Адвокат ------ ----------- од -----------.

Во пријавата се изнесени наводи против директорот на една национална јавна установа, поради сомневање за афирмација на негови лични интереси и можни дела на корупција во реализацијата на постапка за снабдување со сладолед за потребите на Локалитетот ------ ----- ------ - --------, како и за злоупотреба на дискреционото право како директор на една јавна установа при постапувањето и одлучувањето за изборот на фирма за откуп на сладолед во истата, фаворизирање на една компанија и ограничување на правото на друга компанија за продажба на сладолед на истата локација.

Кон предметот со број 12-2834 од 2019 година, од причини што се работи за предмети кои се однесуваат на исти предметни наводи и за предмети кои се однесуваат на ист институционален случај и иста фактичка состојба кон предметот, споен е и предмет заведен во Архивата на ДКСК под бр. 12-3882 од 2019 година оформен врз основа на барање бр. 12- 3882/1 од 14.08.2019 година, доставено од Министерството за култура на РСМ, а во врска со предмет оформен по претставка поднесена до

министерството од страна на Адвокат ------- ---------- од ---------- која била заведена под нивен архивски број со број УПП 53-10 од 23.05.2019 година.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до националната установа, за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи. По барањето на Државната комисија доставени се бараните податоци и информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај утврдена е следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај, станува збор за постапка која се реализирала на устен повик од НУ ------ -- - ---------- -- --------- и ------- ---------- за откуп на сладолед потребите на наведениот Локалитет, во која биле доставени три понуди, меѓу кои и понуда за соработка од страна подносителот на пријавата, со број ------- од 12.04.2019 година, но истиот не бил избран туку на ден 25.04.2019 година добил известување дека бил избрана друга компанија (------ --------- -----------).

-Незадоволен од изборот и поради сомневање дека тој како правно лице се исклучува од добавувач на сладолед на наведениот локалитет, изјавил приговор со споменатите наводи, на кој од Националната установа добил одговор дека во случајот не се работело за постапка за јавна набавка со единствен добавувач, туку се работело за продажба со комисион.

Подносителот се сомнева дека во предметната постапка биле почитувани некои критериуми за постапување и одлучување при изборот на фирмата, како и не му било јасно по кои законски основи се исклучувал некој производител и продавач да врши продажба на одредена локација и да се фаворизира една компанија, а притоа да се ограничува правото на друга компанија за продажба на сладолед на истата локација т.е. се правело дискриминација и исклучување од конкуренција на другите производители, а заради остварување на корист од продажбата,(*соодветен процент или рабат*), како бенефит за Установата.

- Во врска со истите предметни наводи, до Министерството за култура, била поднесена претставка од страна на Адвокат ------- ---------- од --------, заведена под нивен архивски број со број УПП ------- од 23.05.2019 година, Министерството при своето надлежно постапување по оформениот предмет побарало произнесување од националната установа по што на ден 29.07.2019 година им било доставено бараното произнесување во кое било објаснета целата предметна постапка и била доставена целокупната документација за случајот. По извршениот увид во содржината на произнесувањето на Националната установа доставено до министерството, ДКСК увиде дека е со истоветна содржина со известувањето добиено од Установата кое е доставено по барањето на ДКСК.

- од страна на јавната национална установа, по барањето на ДКСК, доставено е известување со прилог од целокупната документација, со кое се известува дека постапката за снабдување со сладолед за потребите на Локалитетот ------- --- -------- – -------------, не била спроведена како постапка за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки и истата не била предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Националната установа за 2019 година. Финансирањето за снабдувањето со сладолед било обезбедено од средствата на Сметката за самофинансирачки активности на националната установа (НУ), поточно од контото ----- и ------ доставени по квартални планови до Министерството за култура на РСМ. Постапката за снабдување со сладолед за потребите на наведениот Локалитет, започнала со Решение од

19.04.2019, за формирање на Комисија за избор на најповолна понуда за откуп на сладоледи за потребите на Локалитетот, донесено од страна на директорот на НУ, врз основа на член 13 став 2 алинеја 18 од Статутот на НУ. Согласно Решението, Комисијата требала да пристапи кон отворање на понудите доставени од дистрибутерите, во присуство на нивни претставници, на ден 19.04.2019 во просториите на НУ.

Комисијата за избор се состанала на ден 19.04.2019 година, и констатирала дека биле доставени три понуди (*од фирмите: ------------ДООЕЛ ------, ------ ----------ДООЕЛ и ---------ДОО --------*). Понудите биле јавно отворени во присуство на членовите на комисијата и на овластени претставници од понудувачите и бил изготвен записник на кој биле потпишани сите присутни. На 23.04.2019 година, од страна на Комисијата биле разгледани трите понуди, бил изготвен Извештај и за најповолна понуда била избрана понудата на -------- ---------- ДООЕЛ, со дадено образложение на причините за извршениот избор на оваа фирма, а до останатите учесници биле доставени известувања. Договорот за продажба со избраната фирма бил склучен на ден 24.04.2019 година.

На известувањето за извршениот избор имало поднесено приговор од страна на еден од понудувачите (--------), на 10.05.2019, адресиран до правната служба и до В.Д. директорот на НУ а не до Комисијата за избор. По приговорот се доставило известување дека во случајот станува збор за комерцијално - деловна соработка со фирма/производител за продажба на нивни производи – сладоледи на наведената локација и дека не се работи за постапка за јавна набавка на стоки и услуги кои ги троши НУ. Исто така, по однос на заканите наведени во доставениот приговор дека за случајот ќе се известело обвинителство и ДКСК, НУ известила дека истите ги сфаќа како непримерен притисок и уцена и дека истите биле упатени без основ и нема да доведат до промена на донесената одлука за избор.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во врска со конкретниот предметен случај било постапено од страна на националната установа по приговор поднесен од подносителот на пријавата како незадоволен учесник во предметната постапка, а до подносителот на пријавата било доставено известување дека во случајот станувало збор за комерцијално - деловна соработка со фирма/производител за продажба на нивни производи – сладоледи на наведената локација и дека не се работело за постапка за јавна набавка на стоки и услуги кои ги троши предметната јавна национална установа. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира и предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносител
По заклучок на ДКСК,Изработил: Ј.Ц., Советник
Одобрил : С.П,Д., Член на ДКСК